WIZARD SYSTEMS®

Нудиме безбедност

TÜV AUSTRIA CERTIFIED

# ПРОФИЛ НА КОМПАНИЈА











ДТУ Визард Системи ДООЕЛ | Тел - 02 246 9999 | Моб - 075 28 27 27
Ул. Црноризец Храбар 32 Скопје | wizard.com.mk | contact@wizard.com.mk

# ВИДЕО НАДЗОР

Видео надзорот претставува опрема за техничко обезбедување која што нуди поголема безбедност за заштита од кражба или упад во вашиот дом или деловен простор, бидејќи во било кое време и од било каде, преку апликација на вашиот мобилен телефон или компјутер можете да имате моментален увид што се случува или што се случувало во Вашиот дом или деловен простор преку снимен материјал (Зачуван на Хард Дискот на снимачот).

Визард Системи во својот асортиман на производи за видео надзор го нуди светскиот производител на камери - Dahua. Оваа компанија претставува лидер на глобално ниво во индустријата за техничко обезбедување. Производите и решенијата кои што ги нуди Dahua се користат во преку 160 земји и региони низ светот и се со достапни цени и највисок квалитет во својата категорија. Dahua преку своите производи нуди квалитет , брза монтажа, инсталација, изведба и испорака, одржливост и стабилност.



# АЛАРМНИ СИСТЕМИ

Безбедосниот алармен систем е дизајниран за откривање на упад – неовластен влез (кражба или провала) – во зграда или друг објект. Безбедосните аларми се користат во станбени, комерцијални и индустриски објекти за заштита од провала и кражба или заштита од имотна штета, како и лична заштита од криминалци. Визард Системи Ви го нуди вистинското решение за обезбедување на вашиот дом или деловен објект со алармните системи од полскиот производител SATEL.

Кои се Satel и по што се препознатливи?

Професионална заштита за секој тип на објекти, како и на лицата кои се наоѓаат во нив, преку напредни, а сепак функционални и ефективни решенија – овие неколку зборови може да послужат како најкраток опис на мисијата на SATEL, производител на системи за безбедност од 100% европско производство. Поради интегритет во деловното работење и посебен акцент на квалитетот како и широкиот спектар на производи кои ги нуди, брендот SATEL е високо ценет во индустријата за алармни системи повеќе од 25 години. Широкиот спектар со над 400 производи во понудата, обезбедува безброј можности да се создаде сигурност, домашна автоматика, противпожарен аларм, контрола на пристап, заштита од поплава и систем за мониторинг, прилагодени на индивидуалните потреби на секој корисник.



# ДЕТЕКЦИЈА И ДОЈАВА НА ПОЖАР

Многу мал број на домови во Република Македонија имаат систем за детекција на пожар. Со вградувањето на овие системи, не само што ќе го заштитите вашиот дом од пожар, туку ќе ги заштитите вашиот и животите на вашите најблиски во случај на истиот.

Доколку нешто тргне наопаку, вашата инвестиција може да ја снема за многу кратко време. Се што поседувате може да биде во пламен, а тоа што пламенот нема да го уништи, ќе го уништи водата која ќе ја применат пожарните служби за да го локализираат пожарот. Детекцијата на пожар може да значи и заштита на животот на вработените, и на имотот кој го штитите. Детекцијата се врши преку сензори за чад, сензори за топлина и сензори на пламен. Сите тие поврзани на систем кој може да биде конвенционален или адресибилен, односно секој сензор си има своја сопствена адреса и име во зависнот од тоа каде е поставен сензорот. Тоа допринесува за брзо лоцирање на изворот на пожар во некој комплексен објект кој има многу простории.
Постојат Конвенционални и Адресабилни системи во зависност од големината на објектите каде што се монтира Противожарниот систем.



# КОНТРОЛА НА ПРИСТАП

Систем за контрола на пристап имплементиран во една компанија овозможува прецизно дефинирање на правилата за пристап на персоналот до одредени простории. Ова овозможува да се ублажи ризикот од губење на материјалните средства, како и да се спречи неовластен пристап до доверливи информации. Системот за контрола на пристап е широко употребуван во банки, трговски центри, училишта, аеродроми, канцеларии итн. Системот функционира така што на одредени личности во дефинирани временски периоди им се дозволува влез низ врата од канцеларија, магацин, користење на лифт и др. Секое поминување на таа личност автоматски се евидентира. За идентификација на личноста може да се користи: Картичка, привезок, отпечаток од прст или пин код.

Како елемент на системите за електронска заштита, системот за контрола на пристап совршено го дополнува системот за детекција на упад. Современиот систем за контрола на пристап, исто така, мора да го ограничи пристапот на неовластени лица до одредени простории кога овластените лица се присутни во заштитената зона. Ова е алтернативно решение на традиционалните механички системи за контрола на пристап базирани на обични клучеви. Функционалноста на контролерите базирани на микропроцесори е многу пообемна од дури и проширените системи за "мастер клуч".






# ЕВИДЕНЦИЈА НА РАБОТНО ВРЕМЕ

Систем за евиденција на работно време претставува систем кој што води евиденција за времето на влез и излез на вработените од своето работно место. Овој систем овозможува зголемена контрола и поголема продуктивност во една компанија.

Како функционира еден систем за евиденција на работно време?

Кога тагот или картичката ќе се доближи до читачот, тој ги испраќа информациите до високо сигурен процесор. Процесорот прави споредба на информацијата во меморијата на системот и информацијата на тагот или картичката, доколку овие 2 информации се идентични влезот во просторијата, информацијата е евидентирана во ситемот. Системот за евиденција на работно време покрај овие физички уреди се состои и од софтвер кој што го меморира секој влез и излез. Од информациите кои што ги добивате, имате детална информација за тоа колку работни часови има еден вработен, колку пати задоцнил и сл.



# БАНКАРСКА ОПРЕМА

-Визард Системи располага со широка палета на производи во делот на банкарската опрема. Софистицирани, софтверски и лиценцирани како од Европска Централна Банка така и од Народна Банка на Р.М. ,машини за обрабока на банкноти и кованици. Исто така располагаме и со повеќе модели на детектори на пари, UV и MG детектори, за проверка на автентичноста на баknotите.

-Како ексклузивни застапници на светскиот бренд за банкарска опрема MASTERWORK AUTOMODULES, нудиме повеќе модели на машини за обработка на банкноти од NC серијата како што се: NC 3500, NC 6000, NC 6500, NC 7100 & NC 8500. Станува збор за софистицирани, софтверски машини за обработка на бакноти кои беспрекорно исполнувајќи ги критериумите, на тестирањата од страна на ЕЦБ и НБРМ, континуирано се наоѓаат на Листите на успешно тестирани машини за обработка на банкноти.

-Нашите бројачи ќе Ви помогнат да го изброите точното количество на банкноти, да ја пресметате точната вредност, да направите пачки уредно подредени по лице и ориентација. Да пребројувате со различни модови: микс, деноминација, лице, ориентација, FIT & UNFIT, притоа извршувајќи ги сите овие функции машината се грижи за валидноста на банкнотите, а доколку наиде на сомнителна банкнота алармира покажувајќи ја причината за неподобност.



# АВТОМАТИКА ЗА ВРАТИ

Сакате Вашиот двор да изгледа современо и модернистички, а воедно и да има лесно отварачки врати? Визард ги нуди сите решенија на едно место. BENINCA лизгачки и крилни мотори за врати кои се отвараат лесно со далечинско и сензори што го детектираат движењето на Вашето возило.

Автоматиката за врати се дели на 3 категории - лизгачки , крилни и гаражни врати. Моторите служат за поедноставно секојдневие. Со притискање на копче на далечинскиот управувач или на вашиот телефон без никаков напор ќе ја отворите својата порта или капија на вашиот имот.

- Автоматика за лизгачки врати е едноставен систем за користење кој се состои од мотор кој ја турка вратата (отвора и затвора), напојување, шина, сигнална сијаличка и далечински управувач. Овој систем може да се контролира и преку мобилен телефон.
-Автоматика за крилни врати се состои од пар мотори кои ја туркаат вратата (да отвори и затвори), напојување, сигнална сијаличка и далечински управувач. Овој систем може да се контролира и преку мобилен телефон. Моторите се со врвен Италијански дизајн и квалитет.
- Автоматика за гаражни врати е лесен систем за користење и истиот се состои од еден мотор кој ја влече вратата (отвора и затвора), напојување, сигнална сијаличка и далечински управувач. Овој систем може да се контролира и преку смартфон.





# РАМПИ И ПАРКИНГ СИСТЕМИ

Рампите и паркинг системите претставуваат уреди за контрола на пристап на возила. Овие уреди се поставуваат на самиот влез од паркинг просторот и се контролираат преку: мобилен телефон, далечинско управување, притискање на копче или чип картички.

## 1. РАМПИ

Рампите најчесто се користат за приватни паркинг површини како куќи, компании, кафулиња, ресторани, магацини и сл.

Овие уреди се состојат од 1 рампа и најчесто се користат за приватни паркинзи или паркинг кој што се користи од истите корисници постојано. Рампите се отвараат со далечинско управување или чип картичка.

## 2. ПАРКИНГ СИСТЕМИ

Паркинг системите се користат за приватни паркинзи каде што се врши и наплата, катни гаражи или подземни гаражи. Овие системи функционираат на принципот што при влез на паркингот корисникот притиска копче и зема картичка која што потоа треба да биде отчитана на бар код читач при наплата и на крајот при излез се користи картичката за да се излезе од паркинг просторот.



# ЗАШТИТНИ ПОДВИЖНИ ОГРАДИ

Најдобро и најпрактично решение за органичување на пристап се заштитните алуминиумски галванизирани огради. Визард Системи ви нуди периметарска заштита со високи и ниски огради кои не рѓосуваат и се лесни за употреба. Идеално решение за контрола на движење за време на концерти, настапи, спортски натпревари, конференции и сл. Заштитните огради се вистинскиот избор за подобрување на безбедноста и пристапноста до одредени локации и случувања со цел да има контрола од страна на организаторите.

Нудиме достапни цени, висок квалитет и огради кои се едноставни за поставување и монтирање.

Ниски огради (210x110 cm)



# ДОМОФОНИЈА И ВИДЕОДОМОФОНИЈА

Обезбедете го својот дом или деловен објект со видеодомофон кој ќе ви ја зголеми контролата на пристап, така што ќе имате совршен видик кому сакате да дозволите да пристап, а кому не.

Видеодомофоните се дел од smart house living и токму затоа Ви препорачуваме да бидат дел и од Вашиот дом.

Домофонија - претставува систем кој што комуникацијата се одвива само преку аудио, без слика.

Видеофонија - претставува систем каде што комуникацијата се одвива преку видео и аудио.
Постојат Аналогни, IP и Адресибилни системи кои соодвествуваат на различни објекти и домови и лесно се интегрираат во нив.



# МРЕЖНА ОПРЕМА

Racksis го редефинираат СЕ' она што е возможно да се постигне со иновативен дизајн на производи и инженеринг. Рак кабинети изработени со големо внимание на деталите – од идеја до реализација. Кога довербата, сигурноста и оригиналноста Ви се важни, тогаш Raksis е вистинскиот избор.

Нивната цел е постојано да ја користат креативноста за да ги поместат границите на технологијата со цел да им овозможат на клиентите да ги извршуваат своите секојдневни процеси со поголема точност и економичност.

Кога одбирате Racksis, вие добивате флексибилен, искусен партнер кој знае дека отворената, искрена комуникација е толку важна како и напредните инженерски методи. Како додатоци на рак ормарите има соодветни вентилаторски единици. Рак ормарите се користат за чување на мрежна опрема, сервери, снимачи - DVR-и, кабли и друго.



# ОЗВУЧУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И КОНФЕРЕНЦИСКИ СИСТЕМИ

- Увид, планирање, подготовка и инсталирање на професионални звучни системи за најразлични објекти како: магацини, работилници, маркети, бутици, трговски центри, компании, апартмани, домови, станови и сл.

Системите за озвучување допринесуваат за пријатен амбиент во целиот објект, а воедно овозможуваат вашата порака да стигне до сите корисници на објектот (пример соопштение во училиште, побрза комуникација со работниците во големи магацини или работилници, комуникација во маркети и сл.)

Плафонските звучници го придушуваат шумот и бучавата, како во големи така и во помали простории, одржувајќи совршена разбирливост на тоновите во склоп на ниска дисторзија.

- Конференциските системи може да Ви озможат Видео и Аудио Конференциски пренос во живо.



# СПЕЦИЈАЛНИ СИГУРНОСНИ ПРОИЗВОДИ

Визард Системи поседува широк асортиман на производи кои се специјализирани за откривање на скриени електронски уреди, детекција на сигнали од непознати уреди, детектори на скриени камери и сл.
Во својата палета на вакви специјални производи, вклучени се и блокатори на микрофони и аудио снимачи, блокатори на мобилни телефони како и уреди кои сметаат на одредени фрекфренции со што се оневозможува нивен пренос на податоци.
Разни уреди како GPS/GPRS тракери и камери за во автомобили кои можат да бидат од огромна корист во најразлични ситуации.





Детектор за скриена електроника




Скриени камери



Детектор на сигнали



Детектор за скриени камери



Робот со скриена камера

Блокатор на микрофони и аудио снимачи





GSM/GPRS/GPS тракер



Блокатор на мобилни телефони

# СИГУРНОСНИ ПЛОМБИ И КЕСИ ЗА ТРАНСПОРТ

Визард Системи, располага со високо квалитетни кеси за транспорт на пари и повеќе модели на пластични и метални сигурносни пломби за транспорт.

Поради прилагодување со европските закони за транспорт на роба во можност сме да Ви понудиме сигурносни метални пломби со ISO 17712: 2013 (E) CERTIFICATE OF CONFORMANCE.

Нудиме и ласерско печатење како на пластичните така и на металните пломби на сериски броеви и лого на Вашата компанија.

Сигурносни пломби за внатрешен и надворешен транспорт!

Изберете сигурност за Вашите продукти при транспорт со метални или пластични сигурносни пломби. Сигурносните пломби се користат за заштита од неавторизиран пристап и притоа зголемувајќи ја сигурноста на пратката при транспортот.





ДТУ Визард Системи ДООЕЛ

Ул. Црноризец Храбар 32, Скопје

02 246 9999 / 02 616 3622

075 282 727 ; 070 323 323

contact@wizard.com.mk

www.wizard.com.mk